# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**ул. Петар Дељан бр.17, 1000 Скопје, Република Македонија; тел: ++389 2 2785 400; факс: ++389 2 2770 210; е-маил: contact@kiselavoda.gov.mk; веб страна: www.kiselavoda.gov.mk**


Бр.08-4887/1 од 12 -09- 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13), Општина Кисела Вода, на ден 02.09.2013 година донесе:

ОДЛУКА
за неспроведување на стратегиска оцена

1.За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за производство и сервис на мерила за маса со лабораторија за КП539, КО Усје, Општина Кисела Вода, Скопје, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода.

3.Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ за Локална урбанистичка планска документација за производство и сервис на мерила за маса со лабораторија за КП539, КО Усје, Општина Кисела Вода, Скопје, нема да има влијание врз животната средина затоа што е предвидена класа на намени – Г2 (производство и сервисирање на мерила со лабораторија).

Просторот во рамките на планскиот опфат е дефиниран со Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за производство и сервис на мерила за маса со лабораторија за КП539, КО Усје, Општина Кисела Вода, Скопје, изработено од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13). Условите за планирање на просторот ги претставуваат влезните параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планерските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Кисела Вода и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил:
Радмила Шоповска

Одобрил:
Марјанчо Тодоровски

ГРАДОНАЧАЛНИК
Билјана Беличанец Алексиќ

Generated by CamScanner from intsig.com